29.5.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Планот за спречување на корупцијата на Општина Центар-Скопје за 2025-2026 година**

Се објавува Планот за спречување на корупцијата на Општина Центар-Скопје за 2025-2026 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје го донесе на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година.

Бр. 09-3066/23
29.5.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), а во врска со Заклучокот на Владата на РСМ бр. 40-2929/1 од 02.03.2021 година, Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси ("Службен весник на Р.М." бр.12/19), Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, Планот за борба против корупцијата "Акција 21" на Владата на РСМ, Советот на Општина Центар, на 48. седница одржана на ден 29.5.2025 година, донесе

# ПЛАН
# ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
# НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЗА 2025-2026 ГОДИНА

## ВОВЕД

Општина Центар, во рамки на своите законски надлежности, утврди потреба од донесување на План за спречување на корупцијата на Општина Центар за 2025-2026 година, постапувајќи по Заклучокот на Владата на Република Северна Македонија, а во согласност со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Правна рамка за донесување на Планот за спречување на корупцијата на Општина Центар за 2025-2026 година (во натамошниот текст: План) претставува Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси ("Сл. Весник на Р.М." бр.12/19) и Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24). Планот во својата содржина претставува конкретизација на препораките содржани во Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 и Планот за борба против корупцијата "Акција 21" на Владата на РСМ, кои се однесуваат на единиците на локалната самоуправа. Во рамките на правната рамка и конкретизација на регулативата по која постапува во рамките на вршење на своите надлежности, Општина Центар-Скопје ги има донесено следните акти:

- Кодекс на однесување на вработените во Општина Центар-Скопје број 09-2911/1 од 12.06.2025 година;
- Правилник за спречување на корупција и судир на интересеи во однос на постапување со подароци, погодности и гостопримства во Општина Центар-Скопје, јавните претпријатија и јавни институции и други правни лица основани од Општина Центар-Скопје – Антикорупциски правилник – број 09-3361/1 од 15.07.2024 година;

- Правилник за начинот на постапување за прием и за распределба на пошта и движење на акти и документи во Општина Центар-Скопје број 09-5406/1 од 28.11.2024 година;

Различните анализи и истражувања покажуваат дека корупцијата се смета за еден од најголемите проблеми во општеството. Поради наведената актуелна состојба со корупцијата, институциите треба да го разгледаат спроведувањето на ефективното управување со ризик од корупција, како превентивна алатка за минимизирање на корупцијата.

За да можат институциите ефективно да управуваат со ризиците од корупција, ризиците мора да се идентификуваат, да се анализираат, за потоа со соодветни мерки и активности да се намали можноста од појава на корупција.

Планот за спречување на корупцијата е документ во кој се детектираат слабостите во постоечкиот систем на работа во Општина Центар, се утврдуваат стратешките цели кои треба да се постигнат со имплементацијата на Планот, се предвидуваат мерки и активности за остварување на целите, се посочуваат клучните носители на активностите и се уредува начинот на кој ќе се постигнат утврдените цели.

Во рамките на програмските активности за борба против корупцијата, општината е насочена и ќе биде насочена кон воспоставување на контролни механизми и процедури за работа во областите за кои е надлежна, делегирање на надлежностите, односно избегнување на централизирано и самоволно одлучување и особено постапување во законски рок со исклучително тесен и контролиран простор на делување и со неможност за било какво коруптивно однесување. Праксата во Општина Центар-Скопје досега покажува дека вработените во општината ги почитуваат начелата на законитост, интегритет, јавност, заштита и одговорност, што претставува индикатор дека службениците може да препознаат и да се справат со можноста за продор на корупцијата во делокругот на работењето.

Областите од надлежност на Општина Центар, како една од десетте општини во рамките на Град Скопје, се уредени во член 15 од Законот за Град Скопје, а кои се однесуваат на: планирање и уредување на просторот, заштита на животната средина и природата, локален економски развој, комунални дејности, култура, образование, спорт, социјална и детска заштита, здравствена заштита, заштита и спасување и други области.

Општина Центар соработува со медиумите со цел обезбедување на отвореност и транспарентносг во своето работење, редовно информирање на граѓаните преку општинската веб страна, седниците на Советот на Општината се пренесуваат во живо преку општинскиот youtube канал, учество на нејзини претставници во разни емисии и други програми на електронските медиуми, практикува отчетност за текот на активностите на општината, остварува право на граѓаните на слободен пристап до информации од јавен карактер и примена на највисоки стандарди на отвореност, транспарентност и одговорност.

## ДЕТЕКТИРАНИ РИЗИЦИ

Детектираните ризици се утврдени врз основа на внатрешна анализа на работата на секторите во Општина Центар.

Детектирање на проблемите во работата на Општина Центар, поврзани со можноста за корупција, се врши врз основа на анализа на работата на поединечните организациски единици во рамки на администрацијата во Општината. За таа цел се врши континуирано собирање и анализа на податоци кои се однесуваат на воспоставените пракси на работа во секој сектор и одделение поединечно, а кои би можеле да укажат на слаба отпорност на системот на работа кон евентуални можности за коруптивни дејствија.

Како ризични точки од аспект за можна корупција во системот на работа на општинската администрација, се детектирани следните:

- Неусогласеноста на голем број закони кои го регулираат вработувањето, со што често се овозможува секаков вид на партиско влијание, непотизам, кронизам и клиентелизам; особено Законот за административни службеници ги пропишува условите при вработување на административен службеник по категории и нивоа на работни места. Имајќи го ова предвид, се’ уште не постои правна регулатива со која се регулирани условите за вработување (посебно образованието) на одредени позиции. Во законот не се доволно уредени системите за „мерење" на работните компетенции на кандидатите во постапката за вработување, ниту пак постојат критериуми за бодување при интервју на кандидатите;
- Условите за вработувања на инспекторите се регулирани со позитивните закони со кои се утврдува нивната надлежност, а кои не се усогласени со Законот за инспекциски надзор. Поради тоа, се остава можност од произволно толкување на законските одредби кои се однесуваат на вработувањата на инспекторите;
- Можности за корупција при исполнување на надлежноста на секторите, а се поврзани со комуникација со странки, постапување по пријави од странки, составување на записник од направен увид и известување за постапување по пријавите;
- Недостаток на гаранции за стриктно спроведување на процедурите за работа за што клучна улога треба да има зајакнување и екипирање на Одделението за внатрешна ревизија;
- Ризик од протекувањето на информации и злоупотреба на службена положба;
- Евентуално непрофесионално и неетичко однесување при реализација на предмети поврзани со јавните набавки, при информирање на јавноста, како и при соработка со надворешни институции и граѓани;
- Можност одреден вработен да се доведе во состојба на злоупотреба на својата позиција, со цел да оствари некаква корист за себе поради непочитување на законските прописи и процедурите за работа, како и поради немање личен интегритет и работна етика.

## ЦЕЛИ НА ПЛАНОТ

Цели кои се утврдуваат со Планот за спречување на корупцијата се создавање и унапредување на воспоставената антикорупциска инфраструктура во Општина Центар, преку унапредувањето на примената на законите со кои се регулира областа на борбата против корупцијата, зголемување на транспарентноста во работењето на органите на Општината и создавање на одржлива институционална и правна рамка за борбата со корупцијата која истата треба да ја намали во прифатливи граници и да ја сведе на маргинална општествена појава.

## МЕРКИ, НАЧИН И АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ НА ПЛАНОТ

Врз основа на детектираните ризици во работата на организационите единици во администрацијата на Општина Центар, поврзани со можна појава на корупција, а за остварување на целите на Планот за спречување на корупцијата за 2025-2026 година се предвидуваат следните мерки:

1. Мерки и активности кои произлегуваат од внатрешната анализа на работата на секторите:

- Почитување на процесите-процедурите за работа изаботени според систем за управување со квалитет ISO 9001: 2015;
- Употреба на електронски алатки за управување на документите и процесите DMS (Document management system) и спроведување на целосна дигитализација на процесите, која ќе овозможи следење на процесите, делегирање на предметите по случаен избор, извештаи за активностите,
- Отварање на нови канали за електронска комуникација со граѓаните каде апликацијата ќе се врши електронски, без физички контакт со службеното лице;
- Електронски информации во вид на мапа за траекторија на предметот со временска рамка која ќе им биде достапна на граѓаните, веб и мобилни апликации за пријавување на проблеми, за да се овозможи повисок степен на проценка на ризик од појава на корупција;
- Повисок степен на доследно почитување и примена на законската регулатива;
- Доследно спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и повисок степен на почитување на зададените рокови во постапките за реализација на надлежноста на секторот,
- Воспоставување на електронски систем за инспекција, т.н. е-инспектор, адаптиран по моделот предвиден во Планот „Акција 21", за намалување на субјективното влијание на инспекторот за време на инспекцијата и подигање на институционален капацитет на инспекциската служба;

- Иницијативи до ЗЕЛС за усогласување на законските одредби кои се однесуваат на вработувањата во јавната администрација, посебно на вработувањата на комуналните инспектори, како и измена во Законот за административни службеници за да се утврдат критериуми за мерење на работните компетенции на кандидатите во постапката за вработување и за бодување на интервјуто на кандидатите;
- Зголемување на транспарентност, одговорност, ефикасност и отчетност при реализација на надлежностите;
- Јакнење на свеста и едукација на вработените за последиците од коруптивни дејствија;
- Почитување на Кодексот на однесување за вработените во Општина Центар;
- Почитување на Антикорупцискиот правилник на Општина Центар;
- Почитување на Правилникот за за начинот на постапување за прием и за распределба на пошта и движење на акти и документи во Општина Центар
- Континуирана контрола на спроведувањето и имплементирањето на Кодексот на однесување на вработените во Општина Центар во работењето на вработените;
- Воведување на систем на периодична и редовна контрола и надзор од страна на раководната структура над извршувањето на предметите на вработените кои се директно поврзани со јавноста, институците и граѓаните и почитување на законските прописи, интерните критериуми и правилници за работа;
- Сертифицирање на вработените во општинската администрација за управување со ризици од корупција и институционална корупција, преку завршување на соодветниот курс објавен во рамките на програмата за е-учење на официјалнта веб страна на Државната комисија за спречување на корупција
- Воведување и примена на методологија за идентификување, анализа и оценка на ризиците од корупција;
- Ажурирање на постоечките стандарди и процедури за работа и нивно усогласување со законот и со воспоставената пракса;
- Интероперабилност и електронско поврзување помеѓу надлежните институции за воспоставување на усогласена архива на податоци на даночни и таксени обврзници и стандарди за нејзино чување;
- Вработените во секторот со пократко работно искуство поконкретно да се запознаат (преку обуки и менторство) и да ги почитуваат принципите на актите кои се однесуваат на процедурите, однесувањето и спречување на корупција во Општина Центар, како и Етички кодекс на внатрешните ревизори, законските прописи и процедури и истите да ги применуваат во текот на работењето;
- Континуирано стручно усовршување на вработените со цел стекнување на професионални квалификации и стручност, соодветно познавање на стандарди и практики на работа;

- Секој вработен пред извршување на поединечна ревизија да дава писмена изјава за непостоење на судир на интереси;
- Подобрување и усовршување на постоечките процедури за контрола со цел надминување на евентуалните можности за корупција при реализација на надлежностите;
- Повеќе членови во комисиите за евалуација на пристигнати апликации за проекти по јавни повици, дигитализација на процедурите на постапување на членовите на комисиите како и јавно отворање на пристигнати апликации за проекти преку достапни веб апликации;
- Користење на веб апликација за траекторија на предметот со утврдени рокови за спроведување на јавната набавка;
- Надлежните сектори, подносители на барањето за јавна набавка да вршат претходна анализа на пазарот во врска со тоа колкав број на економски оператори на пазарот во Република Северна Македонија ги исполнуваат предвидените минимални услови за утврдување на способност, како и во однос на стоките и услугите кои треба да се набават, колкав број на економски оператори можат истите да ги обезбедат, испорачаат или извршат. Доколку се утврди дека не постојат доволен број на економски оператори, односно дека не постои конкуренција на пазарат, соодветно да ги изменат (олеснат) предвидените минимални услови за способност и барањата и условите од техничките спецификации;
- Точно и прецизно да се врши планирање на постапките за јавни набавки и навремено во законски утврдениот рок, до крајот на јануари од тековната година, да се доставуваат до Секторот за јавни набавки заради подготовка и објава на Годишниот план за јавни набавки;
- Професионална едукација на вработените преку одржување на обуки за надградба на знаењето, обуки за практична примена на Законот за јавните набавки, како и обуки за спречување на корупција и судир на интереси;

2. За соодветна проценка на реални потреби за број на вработени и нивна стручна спремност во Општина Центар, се предвидува следната активност:

- Ажурирање на функционална анализа за Општина Центар, која ќе се објави на веб страната на Општината;

3. Во областа урбанизам каде како проблем се јавува недоволен и/или недоволно стручен надзор над изведбата на градбите од втора категорија за 2025-2026 година да се презема следната мерка:

- Воспоставување засилен стручен надзор над изведбата на градби од втора категорија;

## НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИТЕ

Носители на предвидените активности во Планот за спречување на корупцијата се вработените во општинската администрација на Општина Центар во координација со Градоначалникот и Секретарот на Општина Центар.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Успешното реализирање на Планот за спречување на корупцијата е основен предуслов за ефикасност на општинската администрација со цел зацврстување на довербата на граѓаните, испорачување на квалитетни услуги во согласност со закон, функционирање на администрацијата на високо професионално ниво, овозможување на доследна примена на сите поврзани позитивни прописи/законските норми и развој на демократијата.

Со донесувањето на Планот за спречување на корупцијата на Општина Центар за 2025-2026, Општината изразува подготвеност во целост за спроведување на нулта толеранција на корупцијата и нејзина апсолутна неприфатливост, професионално и чесно постапување од страна на општинската администрација и имплементирање на систем за заштита од корупција и судир на интереси.

Планот за спречување на корупцијата на Општина Центар за 2025-2026, влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3066/22 Совет на Општина Центар-Скопје
29.5.2025 година Претседател
С к о п ј е Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за одобрување на парична помош на Јован Ѓорѓиески**

Се објавува Одлуката за одобрување на парична помош на Јован Ѓорѓиески,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година.

Бр. 09-3066/25
29.5.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на парична помош на Јован Ѓорѓиески**

**Член 1**

На Јован Ѓорѓиески му се одобрува парична помош во износ од 100.000,00 денари, заради трагичниот настан, во кој загинаа поголем број на граѓани во пожарот во дискотеката во Кочани.

**Член 2**

Средствата од член 1 Општина Центар-Скопје ќе ги исплати од Буџетот на Општината за 2025 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3066/24
29.5.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација од Канцеларија на Обединети нации за проектни услуги „УНОПС"**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Канцеларија на Обединети нации за проектни услуги „УНОПС",

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година.

Бр. 09-3066/27
29.5.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Канцеларија на Обединети нации за проектни услуги „УНОПС"**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од „УНОПС" на 60 садници, расадени дрвја од видот Platanus orientals (Oriental plane-чинар), кои ќе бидат засадени во дворните места на однапред определените училишта на територија на Општина Центар-Скопје што ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на воздухот и унапредување на урбаниот пејсаж.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со Канцеларија на Обединети нации за проектни услуги „УНОПС"

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр.08-3066/26
29.5.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за прифаќање донација**
**од Друштво за градежништво и трговија**
**„Кат Костов" доо увоз-извоз**

Се објавува Одлуката за прифаќање донација од Друштво за градежништво и трговија „Кат Костов" доо увоз-извоз,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година.

Бр. 09-3066/29
29.5.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ‟ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија‟ бр.202/24) и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје‟ бр. 01/06; 12/15; 9/19, 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за прифаќање донација од Друштво за градежништво и трговија „Кат Костов‟ доо увоз-извоз**

**Член 1**

Општина Центар-Скопје ја прифаќа донацијата од Друштво за градежништво и трговија „Кат Костов‟ доо на 200 садници на дрвја и растенија од различен вид и големина, како и реконструкција на зелени површини на трите жардињери на плочникот позади блокот на Агромеханика на територија на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Центар-Скопје се овластува да го потпише Договорот за донација со Друштво за градежништво и трговија „Кат Костов‟ доо.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје‟.

Бр.08-3066/28
29.5.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07-9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар-Скопје**

Се објавува Одлуката за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07-9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар-Скопје,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 48. седница, одржана на 29.5.2025 година.

Бр. 09-3066/31
29.5.2025 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски с.р.

Врз основа на член 15 став 1 точка 1 алинеја 3 и член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр.1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.32/20; 111/23; 171/24; 224/24 и 40/25), Советот на Општина Центар-Скопје, на 48. седница одржана на 29.5.2025 година,донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на План за парцелација од Урбанистички проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07-9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје, изработен од Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје, со технички број 0801-258/24 од февруари 2025, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23 и 7/25).

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје претставува разработка на Изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план Буњаковец 2, донесен од Советот на Општина Центар - Скопје со Одлука бр.07-9331/10 од 10.12.2012 година.

План за парцелација е графички прилог и составен дел на урбанистичкиот план во кој се врши секундарната поделба на градежното земјиште односно во кој се формираат градежните парцели, додека во урбанистичкиот проект планот за парцелација е планско-проектен документ за препарцелација на формирани парцели.

**Член 2**

Опфатот на Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје е сместен во локалитетот Буњаковец 2, и ги зафаќа: целосно катастарската парцела 10710/1, КО Центар 1 и дел од катастарската парцела 10708/1, КО Центар 1, Општина Центар – Скопје.
Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 461м².

**Член 3**

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот со Решение 09-2266/1 од 8.4.2025 година за Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје, издаде Позитивно мислење со бр.09-330/6 од 28.4.2025 година (со прилог Известување за разгледан идеен проект бр.26-330/5 од 28.3.2025 година), со кое што потврдува дека урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр. 32/20; 111/23; 171/24; 224/24 и 40/25) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ" бр.225/20; 219/21; 104/22; 99/23 и 7/25).

**Член 4**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје, ќе се одобри од страна на Градоначалникот веднаш по донесувањето на Планот за парцелација.

**Член 5**

Потврдениот Урбанистички проект задолжително се објавува во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службениот гласник на Општина Центар – Скопје" и на веб - страницата на Општината.

**Член 6**

Потврдениот Урбанистички проект станува составен дел на електронскиот регистар на донесени урбанистички планови во рамки на информацискиот систем е-урбанизам, кон кој овластен пристап имаат донесувачот, органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, Агенцијата за планирање на просторот и Агенцијата за катастар на недвижности и другите учесници на постапката за изработување и донесување на урбанистички планови.

**Член 7**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје, може да се спроведува по извршено дигитално преклопување. Агенцијата за катастар на недвижности е должна во рок од 15 работни дена од приемот на известувањето за потврдениот урбанистички проект, да го изврши дигиталното преклопување.

**Член 8**

Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје, ќе се применува по исполнување на одредбите од членовите 4, 5, 6 и 7 од оваа Одлука.

**Член 9**

Составен дел на оваа Одлука е Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација за спојување на ГП 5.01 и 5.02 од Изменување и дополнување на ДУП за Буњаковец 2 (Одлука број 07 – 9331/10 од 10.12.2012) со намена А2 домување во згради, КО Центар 1, Општина Центар - Скопје.

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар–Скопје".

Бр.08-3066/30
29.5.2025 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска с.р.